РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 14-04-2021 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 41-147/1 | | | |

Здружение на граѓани
ФИНАНЦЕ ТХИНК
Институт за економски истражувања и политики
Бр. 03-130/03
09.04 2021 год.
СКОПЈЕ

( Образец ПП……)

Општина Битола

**До:** бул. "1-ви Мај" бр.61, 7000 Битола Р.С.Македонија Бв. бр. 573/2021

**(имател на информацијата)**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од:

______________________________________________________________

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

______________________________________________________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: *завршни сметки за буџетот на Општина Битола за годините: 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 на аналитичко ниво (подставка) од 6 цифри*

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во** *Скопје* **,** *08.04* **2021 година .**

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Архивски знак: 4105
Рок на чување: 3 год.
20.01. 2022 година

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија

Одделение за јавни дејности

До

Раководител на Одделение за

Буџетска координација

Благица Талевска

15.04.2021

Бр.41-147/2

Ви го доставувам барањето за пристап до информации од јавен карактер карактер Бр.41-147/1 од и Ве молам за писмено известување (одговор) во рок од 5 работни денови.

Лице за посредување при остварување

на слободен пристап до информации

од јавен карактер

Евгенија Бекташ Јосифовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

20-02/16
15.04.2021

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**

До
Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Врз основа на Ваше барање од 15.04.2021 година број 41-147/2, Ве известуваме дека:

Податоците за Завршните сметки на Буџетот на Општина Битола од 2015-2020 година се објавени транспарентно на веб страната на Општина Битола www.bitola.gov.mk. Објавени се на синтетичко конто со што е запазена законската обврска на општината.

Битола
15.04.2021 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

Раководител на одделение
за буџетска координација
Б. Талевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 328 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

Република Северна Македонија
Општина Битола
Сектор за јавни дејности, ЕР и информатичка технологија
Бр. 41-147/4
15.04.2021
Битола

Врз основа на член 20 став 1 од Сл.в. РСМ бр. 101/2019 постапувајќи по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации Општина Битола донесе:

РЕШЕНИЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПРИСТАП

Барањето на барателот Институт за економски истражувања и политики од Скопје од 14.04.2021 година бр.41-147/1 за пристап до информација:

- Прашањето е фотокопирано на следната страна

СЕ ОДОБРУВА

ПРАВНА ПОУКА: Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на решението

Лице за посредување при остварување
На слободен пристап до информации од
Јавен карактер
Евгенија Бекташ Јосифовска

св.бр.848/2021
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 03-06-2021
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
41-147/5

Врз основа на член 27, член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), согласно член 109 став 9 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2015) и согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/20), постапувајќи по Жалбата изјавена од поднесена преку главен економски и извршен директор на Институтот, поднесена против Општина Битола, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на_____2021 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Жалбата изјавена од Институтот за економски истражувања и политики – , поднесена преку , главен економски и извршен директор на Институтот, поднесена против Општина Битола, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

„Завршни сметки за буџетот на Општина Битола за годините: 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 на аналитичко ниво (подставка) од 6 цифри.“ **СЕ УВАЖУВА.**

**2. Предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган.**

**3. Имателот на информации е должен да го спроведе ова Решение во рок од 15 дена од денот на неговиот прием и за истото да ја извести Агенцијата.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

, поднесена преку , главен економски и извршен директор на Институтот, поднесена против Општина Битола, со кое побарало по е-маил да му се достави фотокопија од следните информации:

„Завршни сметки за буџетот на Општина Битола за годините: 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 на аналитичко ниво (подставка) од 6 цифри“.

Имателот на информации, постапувајќи по ова Барање, како што се наведува во Жалбата, на 15.04.2021 година до Барателот на информации доставил Решение за добивање на пристап бр.41-147/4, во кое наведува дека „Прашањето е фотокопирано на следната страна“. Во прилог е допис од Секторот за финансиски прашања насловено до Лицето за посредување бр.20-02/16 од 15.04.2021 година, со кое наведува дека: „Податоците за Завршните сметки на Буџетот на Општина Битола од 2015-2020 година се објавени транспарентно на веб страната на Општина Битола. Објавени се на синтетичко конто со што е запазена законската обврска на општината“.

Незадоволен од наведеното Решение, Барателот на информации поднесе Жалба до Агенцијата, заведена во Агенцијата под бр.08-485 на 12.05.2021 година. Во Жалбата е наведена дека: „По основ на барањето добивме решение (во прилог) со број 41-147/4 односно 20-02/18 со кое делумно ги доставува бараните податоци. Добиените информации се на (синтетичко) ниво од 3 цифри, но не и на (аналитичко) ниво од 6 цифри. Односно, една од бараните информации не ни беше дадена, а таа е „завршни сметки 2015-2020 на (аналитичко) ниво од 6 цифри, по години“.

Агенцијата со електронски допис бр.08-485 од 14.05.2021 година, ја препрати Жалбата до имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијта да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации не одговори на дописот на Агенцијата.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја разгледа Жалбата изјавена од барателот на информацијата, истата **ЈА УВАЖИ, и предметот го врати на повторно постапување пред првостепениот орган,** поради следното:

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, по разгледувањето на Жалбата и другите списи во врска со предметот, утврди дека имателот на информации не постапил во целост согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во конкретниот случај, Имателот на информации му доставил Одговор на Барателот на информации, но не му ја доставил бараната информација како што се наведува во самото Барање за пристап до информации, односно не се доставени „аналитичко ниво од 6 цифри", туку се доставени во синтетичко ниво од 3 цифри.

Согласност со членот 24 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) „Ако имателот на информацијата позитивно одговори на барањето, веднаш му овозможува на барателот запознавање со содржината на бараната информација и тоа со увид, препис, фотокопија или електронски запис".

Согласно погоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

Решено во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на ______2021 година, под бр.08-485.

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**

Подготвил: Макфирете Морина Суљејмани
Контролирал: Петар Гајдов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-485
26.05 20 21 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Доставено до:
- архива на Агенцијата
- жалителот/барател на информацијата
- имател на информацијата

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**

Одделение за јавни дејности

До

Раководител на Одделение за

Буџетска координација

Благица Талевска

03.06.2021

Бр.41-147/6

Предмет: Доставување на Жалба од Агенција за заштита на правото на слободен пристап

На информации од јавен карактер

Ви ја доставувам Жалбата Бр.41-147/5 од Агенција за заштита на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер и Ве молам за писмено известување (одговор) во рок од 5 работни денови.

Лице за посредување при остварување

на слободен пристап до информации

од јавен карактер

Евгенија Бекташ Јосифовска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

Република Северна Македонија
Општина Битола
Сектор за јавни дејности, ЕР и информатичка технологија
Бр. 41-147/7
08.06.2021
Битола

Врз основа на член 20 став 1 од Сл.в. РСМ бр. 101/2019 постапувајќи по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации Општина Битола донесе:

## РЕШЕНИЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПРИСТАП

Жалбата на барателот од 03.06.2021 година бр.41-211/1 за пристап до информација:

СЕ ОДОБРУВА

ПРАВНА ПОУКА: Барателот има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на решението

Лице за посредување при остварување
На слободен пристап до информации од
Јавен карактер
Евгенија Бекташ Јосифовска

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**

Одделение за јавни дејности

До

Бр.41-147/8

15.06.2021

Почитувани,

На 08.06.2021 г. по однос на Решението од Агенција за заштита на правото до слободен пристап до информации од јавен карактер, Ви беше испратен одговор во кој се вели дека остатокот од одговорот ќе го добиете во најскоро време.

Одговорот Ви го праќаме денес 15.06.2021 г. од кој сметаме дека ќе бидете задоволни.

Со почит,

Лице за посредување при остварување

на слободен пристап до информации

од јавен карактер

Евгенија Б. Јосифовска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

# Ивестување

Evgenija B. Josifovska <e.b.josifovska@hotmail.com>

Tue 6/8/2021 2:57 PM

To:

Почитувани,

Ве известувам дека на 03.06.2021 г. до Општина Битола пристигна Решение од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер под Ваш Бр.08-485. Општина Битола постапи по истото и на барателот

му е пратен одговор на 08.06.2021 г.

Со почит,

Евгенија Бекташ Јосифовска
Лице за пристап до информации
од јавен карактер
Општина Битола
e-mail: e.b.josifovska@hotmail.com;
тел: 00389 47 208 347; 00389 71 285 656